Врз основа на член 4 од Законот за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување (,,Службен весник на РМ” бр. 165/2008) и член 4 и член 17 од Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување како и член 31-а став 3 од Законот за народниот правобранител (,,Службен весник на РМ,, бр. 60/2003 и 114/09) и член 19 и 20 од Деловникот на народниот правобранител (,,Службен весник на РМ“, бр. 92/2011), Народниот правобранител, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ ПРЕВЕНЦИЈА ОД ТОРТУРА И ДРУГ ВИД НА СУРОВО, НЕЧОВЕЧНО ИЛИ ПОНИЖУВАЧКО ПОСТАПУВАЊЕ ИЛИ КАЗНУВАЊЕ ОД СТРАНА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ КАКО НАЦИОНАЛЕН ПРЕВЕНТИВЕН МЕХАНИЗАМ**

**Член 1**

Во член 2 зборовите “и вонредни или ненајавени” се заменува со зборовите “ и последователни кои зависно од потребата може да бидат најавени или ненајавени посети.”

**Член 2**

Во член 3 став 3 зборот “ ненајавените” се менува со “ последователните” .

**Член 3**

Во член 4 се додава нов став кој гласи:

“Народниот правобранител посетите може да ги спроведува и во јавни или приватни капацитети во кои се врши задржување и каде на лицата не им е дозволено да ги напуштат своеволно, а по наредба на судски, административен или друг орган.”

**Член 4**

По член 6 се додава нов член 6 – а кој гласи:

“При спроведувањето на превентивните посети Националниот превентивен механизам користи технички помагала со цел утврдување и меморирање на условите во кои престојуваат лицата лишени од слобода.”

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

**ИЏЕТ МЕМЕТИ**